

Уни Банка АД Скопје има потреба од мотивирани и талентирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

## Раководител во Сектор за Дигитално банкарство и депозити за корпоративни клиенти во Дирекција корпоративно банкарство

***Биди и ти дел од нашиот тим...***

## Квалификации:

- Диплома за завршено високо образование – Економски факултет
- Работно искуство од најмалку 3 години во финансиски институции
- Одлични способности за тимска работа, комуникација и меѓучовечки односи
- Способност за самостојно планирање, организирање и навремено исполнување на задачите
- Висока мотивираност за остварување на зададените цели и за стекнување на нови знаења;
- Одлично познавање на англиски јазик
- Напредно познавање на Microsoft Office
- Возачка дозвола Б категорија
- И најважно, проактивен пристап и амбиција за личен развој во согласност со визијата на Банката!

## Работни активности:

- Анализа и предлози за унапредување на дигиталното банкарство за правни лица;
- Обработува барања за физички и виртуелни пос терминали;
- Ревидира и дава предлози за финансиски понуди за физички и виртуелни пос терминали;
- Следи огласи за јавни набавки преку ЕСЈН и извршува активности поврзани со тендери во делот на физички и впос терминали;
- Дава предлози за оптимизација на мрежа на пос терминали;
- Изработува периодични извештаи за депозити, е-пакети и вкупен број на клиенти правни лица;
- Анализа на пазарот и следење на Тарифите на други банки во делокругот на депозити, пос-мрежа и други продукти за правни лица;
- Потпишува договори согласно дадено овластување од Управен Одбор.

## Бенефиции:

- Политика за наградување преку системот на бонуси
- Обуки за личен и професионален развој
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување
- Спортски активности и настани за дружење

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk или на адреса: Максим Горки бр. 6, 1000 Скопје, **најдоцна до 18.08.2024 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификции и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законсите прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk